*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18/24-105*
*3.10.2024*
*Ш т и п*

До

Државни органи, јавни институции, установи,
правни лица кои вршат јавни надлежности и заинтересирани граѓани

ПРЕДМЕТ: Покана за учество најавна презентација и јавнаанкета

Почитувани,

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23),член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02),и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина за 2024 година со Одлука Одлука бр. 08-687/1од 26.01.2024 година, од Советот на Општина Штип Градоначалникот на Општина Штип ја доставува следната:

**П О К А Н А  З А  У Ч Е С Т В О**

**на јавна презентација и јавна анкета**
**по изготвен**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А“ ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска )**

Согласно член 50 од законот за урбанистичко планирање (сл.весник на рм бр.32/20 и 111/23) се организира **јавна презентација и јавна анкета** по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А“ ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска).

Планскиот опфат за изработка на планската документација, кој е прикажан на графичките прилози кои се во прилог на планската документација е формиран по граници на катастарски парцели и осовини на улици.

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:

-Од јужна страна со осовина на улица Пиринска



Scanned with CamScanner

-Од југозападна страна осовина на ул: Карл Маркс "

-Од североисточна страна со осовина на крак на ул: Карл Маркс

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А" ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска), вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно - 6 327.65m2.

Во планската документација дефиниран е плански опфат и прикажан на графички прилог кој е приложен во постапката во систем е урбанизам.

Јавната анкета и јавната презентација на ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ.01.04, СО НАМЕНА „А" ДОМУВАЊЕ, ОПШТИНА ШТИП ( Опфат помеѓу улицитеул. Карл Маркс, крак на ул. Карл Маркс и ул. Пиринска), ќе се спроведе со излагање на деталниот план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 22 октомври 2024 (вторник) до 20 ноември 2024 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 14 ноември (четврток) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:
Борислава Мишева, диа
Контролирал:
Лазар Хаџи Николов

Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*



Scanned with CamScanner